ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 07/24



01.04.2024 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите насловни звање од наставно-научна област „МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА" (30409-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 15.03.2024 година, за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област „Максилофацијална хирургија" (30409 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 206-та седница одржана на ден 22.03.2024 година, донесе Одлука бр.02-355/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

1. Редовен професор д-р Енис Рецеп - претседател;
2. Редовен професор д-р Кенан Ферати - член;
3. Вонреден професор д-р Сабетим Черкези - член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област „Максилофацијална хирургија" (30409 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Недим Касами.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-343/1 од 18.03.2024 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област, Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите, Доказ за познавање на странски јазик, Рецензионата комисија го констатира следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Недим Касами е роден во Гостивар, Р. Македонија во 1969 година. Основно и средно образование завршува во родниот град, Гостивар. Дипломирал на стоматолошкиот факултет во Универзитетот во Загреб, во 1996 година под менторство на проф. д-р Ивица Аниќ, со просек 4,25. Од 2005 година до денес работи на универзитетската клиника за хирургија на лице, вилици и врат, максилофацијална хирургија каде што во 2010 година започнува специјализација од истата област и ја завршува во 2014 година, под менторство на проф. д-р Владимир Поповски.

Во 2013 година ги завршува постдипломските студии и го брани магистерскиот труд под наслов: „**Клиничка и хируршка евалуација на конгениталните цисти на вратот"** под менторство на проф. д-р Владимир Поповски и се стекнува со назив магистар по медицински науки од областа максилофацјална хирургија. Неговиот научно истражувачки интерес се туморите на паротидната жлезда и во 2013 година од Европската Асоцијација за Краниофацијална Хирургија, ја добива наградата Хелен Матрас и престојува во Општата Болница во Виена, Австрија на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија **Ханс Пихлер** во Виена.

Д-р Недим Касами објавувал научни трудови во меѓународни списанија како Акта Стоматологика Кроатика и учествувал на меѓународни симпозиуми и конгреси каде што ги презентирал своите оригинални научни истражувања од областа на максилофацијалната хирургија.

Д-р Недим Касами, исто така престојувал на клиниката за ОРЛ и хирургија на глава и врат, во универзитетскиот клинички центар **Сестре Милосрдните Загреб,** Хрватска. Д-р Недим Касами беше председател на Албанското Стоматолошко Друштво во Р. Македонија во периодот од 2013 до 2017 година. Во 2016 беше председател на Вториот Меѓународен Конгрес во Струга, Македонија со наслов Managing Challenges in Dentistry.

Во 2021 година под менторство на проф. д-р Владимир Поповски, ја одбрани својата докторска дисертација на тема: „**Плеоморфен аденом на**

**паротидната жлезда, авалуација на ризик факторите за рецидив и постоперативен морбидитет на фацијалниот нерв"** на Клиниката за максилофацијална хирургија во Клиничкиот Центар Мајка Тереза Скопје, Република Македонија каде што е во редовен работен однос како клинички лекар, специјалист по максилофацијална хирургија, доктор на науки од истата област.

Д-р Недим Касами е член на следните Медицински и Стоматолошки друштва и здруженија:

- Стоматолошко Друштво на Албанците во Р. Македонија;
- Македонско Стоматолошко Друштво;
- Стоматолошка Комора на Р. Македонија;
- European Society for Craniomaxillofacial Surgery ( EACMFS ).

## 2. СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ

- Председател на Конгрес со меѓународно учество Managing Challenges in Dentistry Struga 2016;
- Учество како предевач на Меѓународен Паналбански конгрес Охрид 2019 со тема **Дијагноза и терапија на бенигни тумори на саливарни жлезди;**
- Учество како предавач на Third Clinical Congress of Kosova College of Surgeons "Improving Quality of Surgical Services" со тема **Surgical treatment of Pleomorphic adenoma of parotid gland, evaluation of risk factors and postoperative faciall nerv morbidity,** Pristina 12-15 October 2023.

## 3. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

**3.1.** "A Methylene Blue Microleakage Study of Retrograde Filling Materials" Ivica Anic, **Nedim Kasami** Acta Stomatologica Croatica, Vol.31,nr.2,1997:135-142.

**3.2.** " Contemporary Surgical aspects in tumors of deep lobe of the Parotid gland and Parapharyngs" Popovski V., Pantchevski G., **Kasami N.**, Grunevski M. University Clinic for Maxillofacial Surgery Skopje Macedonia. Edited in: Second Congress of

Plastic, Reconstructive and Maxillofacial surgery in Bosnia and Hercegovina with international participation, Tuzla 2007.

3.3. " Lipoma of the parotid gland, case report and literature review"
**Nedim Kasami**, Vladimir Popovski. University Clinic for maxillofacial Surgery, Skopje Macedonia, Apolonia, Albanian Dental Journal, Vol.41-42, pages 49-56 Tetova 2020.

3.4. "Giant Complex Odontoma of the mandibula: case report and literature review"
**Nedim Kasami**, Vladimir Popovski. University Clinic for maxillofacial Surgery, Skopje Macedonia. Acta Medica Balkanica, International Journal of Medical Sciences,Vol.5, No.9-10 Tetova 2020, pages 58-64. UDC:61, ISSN:2545-4110 ( print ), ISSN:2545-4870 (on-line)

3.5. " Risc factors for recurrence of Pleomorphic Adenoma and postoperative Facial nerve morbidity" **Nedim Kasami**, Vladimir Popovski. University Clinic for maxillofacial Surgery, Skopje Macedonia.Acta Medica Balkanica, International Journal of Medical Sciences Vol.6. No.11-12, pages 43-52. Tetova 2021. UDC:61, ISSN:2545-4110 ( print ), ISSN:2545-4870 (on-line).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на д-р Недим Касами, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во неговите трудови, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, да го избере д-р Недим Касами за наставник во звање **НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ** од наставно-научна област „Максилофацијална хирургија" (30409 - Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. проф. д-р Енис Реџеп – претседател

______________________________

2. проф. д-р Кенан Ферати - член

______________________________

3. проф. д-р Сабетим Черкези - член

______________________________